РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ОХРИД
СУ - 04 бр. 52 /20
27.11.2020 година
О Х Р И Д

Врз основа на член 9 ст. 3, член 39 и член 40 од Законот за судска служба (”Сл. весник на Р.М.” бр.43/14, 33/15, 98/15, и 6/2016), а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција,во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (”Сл. весник на Р.М.” бр. 275/2020):

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2020
## за унапредување на судски службеници
## во Основен суд Охрид

Се распишува Интерен оглас за унапредување на 1 (еден) судски службеник за следното работно место:

1. Ниво Б4, шифра СУД0101Б04004, **Раководител на одделение за информатика** -1 извршител;

**Посебни услови**:
Степен и вид на образование: најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен најмалку VII/1 степен **–** факултет од соодветна област

**Работно искуство** :
Најмалку четири години работно искуство во струката, по дипломирањето

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

### Распоред на работното време:

Дневното и неделното работно време е од 7:30 часот до 15:30 часот, од понеделник до петок .

Платата за работното место е во паричен нето износ од 31.000,00 денари.

Заинтересираните кандидати треба да поднесат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку приемната писарница на Основниот суд Охрид.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

- потвдри за успешно реализирани обуки како посетител, не постари од 5 години
- потвдри за успешно реализирани обуки како обучувач, не постари од 5 години
- потврди за успешно реализирано менторство како ментор
- потврди за успешно реализирано менторство како менториран

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 8 (осум) дена од денот на објавување на интерниот оглас.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

ОСНОВЕН СУД ОХРИД